Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 , 05/16 , 142/16 ,11/18 и Службен весник на РСМ“ бр. бр.275/19, 14/20 ........208/24), Секретарот на Општината Велес, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување**
**на административен службеник**

1. За извршител на работните задачи на работното место: **УПР0101В01000** Советник за утврдување на данок на промет на недвижности, наследство и подарок, Одделение за финансиски прашања, се избира кандидатот:

- **Тања Јованова**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место на неопределено време по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на Општина Велес, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.114/2025 на својата интернет страна, како и во дневните весници „Нова Македонија“ „Вечер“ и „Лајм“ на ден 02.04.2025 година, за вработување на административен службеник на работно место Советник за утврдување на данок на промет на недвижности, наследство и подарок.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас на Агенцијата за администрација бр.10-650/3 од 08.04.2025 година, формирана е Комисија која ги спроведе сите фази од постапката за вработување на административен службеник.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција со Записник бр.10-650/4 од 17.04.2025 година и наш арх.бр.04-1871/6 од 17.04.2025 година, спроведе испит за административен службеник со Записник бр.10-650/5 од 07.05.2025 година и наш арх.бр.04-1871/7 од 07.05.2025 година и спроведе проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со Записник бр.10-650/6 од 16.05.2025 година и наш арх.бр.04-1871/8 од 16.05.2025 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, ......11/18 и Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20 ........208/24) и врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати за ова работно место со бр.10-650/7 од 16.05.2025 година и наш арх.бр.04-1871/9 од 23.05.2025 година, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против Одлуката за избор, може да се поднесе жалба, до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена (8), од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Бр.04-1871/10
26.05.2025 година
Велес

Секретар
на Општина Велес
Марија Чатмова

Доставено до:
*-Агенција за администрација*
*-Архива*
*-Кандидатот*